„Кога синот Адемов (човекот) би имал две долини полни со имот, би посакал и трета

Енес, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога синот Адемов (човекот) би имал две долини полни со имот, би посакал и трета. Ништо не може да ја наполни внатрешноста на човекот освен земјата (гробот). А Аллах го прима покајанието на оној што се кае.“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека во ситуација кога човекот би поседувал една долина полна со злато, по својата природа би посакал да има уште две. Човекот ќе остане приврзан и алчен, посакувајќи го овој свет сè додека не умре, а неговата внатрешност ќе се исполни (ќе се засити), дури тогаш кога ќе се наполни со земјата од неговиот гроб.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4963